


## СКОПЈЕ - ГРАД НА ВОДЕНИЦИ

Денес крвотокот на градот Скопје се модерните сообраќајници и организираниот јавен превоз. Некогаш тоа биле водениците и неколкуте јазови, односно канали кои ги испресекувале речиси сите позначајни улици на градот.

Старите скопјани се сеќаваат дека немирните води на Вардар кои многу често знаеле да го поплават речното корито ги придвижувале воденичките камења. Овој „старински" начин на мелење на брашното всушност бил значајна трговска дејност.

Скопјанката Марика Костадиновска со насмевка се сеќава на своето детство и на приказните кои и ги раскажувала нејзината мајка за старо Скопје. Во нив најчесто се зборувало за овоштарникот на браќата Шабан Паша, од кој краделе јаболка и за големата воденица на нивниот имот каде оделе да сомелат жито.

- Оделе во саботите или неделите. Ги пречекувал стариот Паша, оти синовите најчесто го чистеле јазот на воденицата за протокот на вода да биде поголем - раскажува Марика.

Веројатно оваа воденица е една од последните кои опстанале во Скопје. Се наоѓала во близина на Градскиот парк, а од неа истекувал јаз кој одел под Калето. Марика вели дека позната била и воденицата која се наоѓала во центарот на градот, веднаш до зградата на некогашното кино Младина. Воденицата му припаѓала на познатиот Гали-бег, чие име го носела и една скопска улица, а бил градител и на една од градските чешми. Од оваа воденица истекувал јаз кој се влевал во близина на Камениот мост, а го обиколувал речиси целиот град. Од киното Младина овој јаз минувал во близина на

Плоштадот, па течел во правец на денешната Арапска куќа, покрај пионерскиот дом Карпош и улицата Орце Николов, па се до фабриката Треска. Вљубеникот во Старо Скопје, познатиот писател, критичар и хроничар, Данило Коцевски во своите *Белешки на осамениот шетач* ја споменува и воденицата на Јусуф Морина. Таа се наоѓала во близина на денешните тениски игралишта во градскиот парк, а дел од јазот кој истекувал од оваа воденица и денес тече во близина на ресторанот Езерце.






- Водите на овој јаз ги полевале цветните леи во паркот. Од еден друг јаз, пак, кој се наоѓал во населбата Козле се наводнувале и познатите скопски бавчи кај некогашниот Монопол. - раскажува Коцевски. Токму заради таа намена овие канали биле срцето на Старо Скопје, вели тој. Во неговите забелешки истакнува дека на јазот кој се наоѓал во близина на градскиот парк постоела и познатата градска плажа наречена Капија.

Небројни се спомените кои старите скопјани ги имале и ги запишале за овие воденици и јазови. Од основната потреба да сомелат жито, до полевањето на бавчите и веселите капења во долгите топли скопски лета. Водениците и јазовите не претставувале само практични градби изградени од економски причини, тие биле и дел од душата на градот.

Според архитектот Кокан Грчев убавината на водениците и воопшто на сите нешта со кои се одликувало Старо Скопје е токму во нивната неповторливост и во трагата која своевремено ја оставиле на градот. Дали да ги обновиме, дали да ги изградиме повторно како споменик на тоа време? Грчев вели - не. Според него историјата треба да се почитува, а не да се препишува.

- Да се оживува минатото на градот, да се негува чувствувањето на неговата историја, да се грижите за сите вредносни категории вградени во тој сложен феномен, не значи превземање на обврската за реална реконструкција на сите фази од неговиот развој - вели Грчев.

Денес од водениците на Скопје се останати само називите на некои места, како што е Канал во населбата Тафталиџе, или автобуската Млин Балкан наречена така според познатиот „наследник" на водениците, истоимениот млин кој бил изграден на тоа место во 1922 година. За нас денес останало само понекое прераскажување и приказна од старите скопјани за дрвеното тркало на воденицата и неуморните воденички камења.

**Ќе се вратат ли водениците?**

Неодамна во еден свој текст Данило Коцевски ја поттикна идејата за можно обновување на воденицата на Јусуф Морина, која се наоѓала во градскиот парк. Коцевски вели дека тоа би можело да биде убав спомен и туристичка атракција за градот. За архитектот Кокан Грчев идејата е можеби благородна, но за да се оживее душата на некоја градба не значи таа истата повторно да се изгради. Според него во






обидот да ја испочитуваме историјата непотребно ги спојуваме градбите од минатото со новото, навидум урбано Скопје. Мими Митевска од секторот за култура на град Скопје вели дека градот е отворен за сите идеи и иницијативи на граѓаните кои имаат културно и историско значење за градот.

